Република Македонија
Министерство за финансии
ЦАРИНСКА УПРАВА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Бр. 02-41755/1
29 NOV 2012 201 год.
СКОПЈЕ

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Име на материјалот:
Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската тарифа

Усогласеност со Програмата на Владата:
Да

Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:
Да

Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот: на првата наредна седница

Доверливост на материјалот: за отворена седница

Итност на материјалот:

Прилог:
Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската тарифа

Директор, **Ванчо Каргов**	**Заменик Претседател на Влада и** **Министер за финансии** **м-р Зоран Ставрески**
Дата на доставување на материјалот: .2012 година	

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

ЦАРИНСКА УПРАВА

М Е М О Р А Н Д У М

ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА И
МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
м-р Зоран Ставрески

Скопје, _____.2012 година

1.Осврт по материјалот:

Со предложените измени и дополнувања на Законот за Царинска тарифа ("Службен весник на Република Македонија" бр.23/03, 69/04, 10/08, 160/08, 35/10 и 11/12), се врши натамошно усогласување на нормативниот дел на овој закон со Регулативата на Советот (ЕЕЦ) Бр. 2658/87 за тарифна и статистичка номенклатура и Општа Царинска тарифа, односно се исполнува обврската за транспонирање на националното законодавство утврдена во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, како земја кандидат, а воедно се обезбедува и правна основа за еднообразна примена на Царинската тарифа.

Ова претставува второ усогласување на нормативниот дел од Законот. Со измените и дополнувањето на Законот за царинака тарифа *("Службен весник на Република Македонија" бр.35/2010),* беа транспонирани членови со кои во Царинската тарифа се воведе и дефинира Интегрираната царинска тарифа и употребата на единствената царинска давачка.

2. Разгледани можни решенија (за-против аргументи)

3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:

Предлогот на законот е подготвен во соработка со Царинската управа.

4. Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија (во прилог)

ДА

5. Решение кое се препорачува (со образложение)

Предлагаме Владата на Република Македонија да го прифати овој предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за Царинска тарифа, со оглед на тоа што законскиот услов за нејзиното прифаќање е исполнет.

6. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:

НЕ

7. Очекувани влијанија:

Со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за Царинска тарифа се очекуваат позитивни ефекти при неговата имплементација и негова еднообразна примена.

8.Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:

ДА

9. Клучни елементи за информирање на јавноста

НЕ

ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

(1) Назив на предлогот: Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската тарифа	**(2) Министерство/орган на државна управа :** Министерство за финансии, Царинска управа
(3) Цел на предлогот: Разгледување и усвојување на Предлог - Законот	**(4) Вид на предлог:**
(5) Контакт лице и звање: Ванчо Каргов Директор	**(6) Контакт тел./факс или е-пошта:** тел. 02 3 224 340

(7) /

(8) Вид на барање:	**(x) Регулатива во врска со ЕУ**	**( ) Нова програма**	**( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми**
	() Друга нова регулатива	**( ) Зголемување / намалување на постоечка програма**	**( ) Спојување на две или повеќе програми**

Цел на барањето / предложената активност: /
Усвојување на Законот

(9) Врска со владина програма: Да

(10) Фискални импликации: Нема

	(милиони денари) 2012 г	2013 г	2014 г	2015 г
1. Вкупни трошоци за предлогот Плати Стоки и услуги Капитал Трансфери Вкупно	/	/	/	/
2. Одобрени средства за предлогот Плати Стоки и услуги Капитал Трансфери Вкупно	/	/	/	/
3. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А) Плати Стоки и услуги Капитал Трансфери Вкупно	/	/	/	/
4. Расположиви средства од прелевање (од други активности или програми во органот) Плати	/	/	/	/

Стоки и услуги Капитал Трансфери Вкупно				
5. Нето имликации на средствата на органот (Ц-Д) Плати Стоки и услуги Капитал Трансфери Вкупно	/	/	/	/
6. Намалување на приходите од царина Намалување на приходите од ДДВ	/	/	/	/
7. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците	/	/	/	/
(11) Нето зголемување/намалување на бројот на вработени во врска со предлогот	/	/	/	/
(12) Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Г)	/			
(13) Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или и надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение.	/			
(14) Дата на завршување на проценката	/			
(15) Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење:	/			
(16) Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии:	/			
(17) Измени побарани од Министерството за финансии:	/			
(18) Одговор на министерството-предлагач:	/			
(19) Одговор од Министерството за финансии:	/			
(20) Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог:	/			
Дополнителни средства не се потребни				

Одобрено/Дата: Ванчо Карпов, Директор	ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА И МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ м-р Зоран Ставрески	.11.2012 год

ПРЕДЛОГ ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКА ТАРИФА

Член 1

Во Законот за Царинска тарифа („Службен весник на Република Македонија" број 23/03, 69/04, 10/08, 160/08, 35/10 и 11/12), во членот 2 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„За стоките за кои Владата на Република Македонија пропишала автономни мерки за намалување или укинување на царинската давачка, истите се прикажуваат во Царинската тарифа со фуснота со која се повикува на донесената одлука за автономни мерки. "

Ставот 3 станува став 4.

Член 2

Во членот 3-а ставот 1 се менува и гласи:

„По исклучок на член 3 од овој Закон царинска давачка со единствена царинска стапка од 15% од царинската вредност на стоката:

(1) која е во пратка испратена од едно на друго физичко лице, или

(2) која е во личниот багаж на патникот,

се применува под услов стоката да не е од комерцијална природа и вредноста на таа стока да не надминува 800 евра во денарска противвредност."

Во став 4 зборовите „царинска давачка" се заменуваат со зборовите „царинска стапка".

Член 3

Членот 4 се брише.

Член 4

Членот 5 се менува и гласи:

„ За усогласување и менување на Царинската тарифа согласно измените на Комбинираната номенклатура донесени од страна на Европската Комисија, а кои се однесуваат на системот на имиња на стоката, системот на нумеричко означување, единичните мерки, како и забелешките кон соодветните оддели и глави, одлучува Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија ја објавува Одлуката за усогласување и менување на царинската тарифа во „Службен весник на Република Македонија" најдоцна до крајот на декември во тековната година, а се применува од 1-ви јануари следната година.

Распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската Комисија го пропишува Владата на Република Македонија.

Прописите од став 3 на овој член Владата на Република Македонија ги донесува во рок од три месеци од денот на објавувањето на регулативите на Европската Комисија во Службен весник на Европската унија.

Царинската Управа ќе врши :

- интегрирање на сите тарифни и нетарифни мерки,
- определување на дополнителните ознаки на интегрираната царинска тарифа,
- ажурирање на интегрираната царинска тарифа, веднаш и
- објавување на интегрираната царинска тарифа во електронска форма со користење на компјутеризиран систем, кога тоа е возможно.

Член 5

Во членот 7 ставот 2 се брише.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Образложение

Кон Предлог-Законот за изменување и дополнување на Законот за Царинска тарифа

Со предложените измени и дополнувања на Законот за Царинска тарифа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/03, 69/04, 10/08, 160/08, 35/10 и 11/12), се врши натамошно усогласување на нормативниот дел на овој закон со Регулативата на Советот (ЕЕЦ) Бр. 2658/87 за тарифна и статистичка номенклатура и Општа Царинска тарифа, односно се исполнува обврската на Република Македонија за транспонирање на националното законодавство утврдена во Националната програма за усогласување на правото на Европската унија, како земја кандидат, а воедно се обезбедува и правна основа за еднообразна примена на Царинската тарифа.

Имено, со предложеното дополнување на членот 2 од законот со нов став се овозможува автономните мерки за намалување или укинување на одредени царински стапки кои ги донесува Владата на Република Македонија врз основа на член 19 од Царинскиот закон, истовремено да се евидентираат и во Царинската тарифа со фуснота кон соодветниот тарифен став за стоката за која е донесена автономната мерка. На овој начин се постигнува поголема транспарентност и ефикасност во примената на донесените автономни мерки.

Со предложените измени на членот 3-а на законот се подобрува текстот на оваа законската одредба со која се регулира единствената царинска стапка која се применува при увоз на стока од некомерцијална природа од страна на физичко лице и нејзино усогласување со одредбата во предметната регулатива на ЕУ.

Во предложениот закон е предвидено бришење на постојниот член 4 кој го регулира усогласувањето на Царинската тарифа, согласно обврските од Законот за ратификација на Протоколот за пристапување на Република Македонија кон Светската трговска организација, а кое усогласување се однесува на постепено намалување на царинските стапки за одредени стоки, во транзиционен период од 2003 до 2012 година. Со оглед на тоа што тој транзиционен период е изминат и сите царински стапки во Царинската тарифа се усогласени со конечните обврзувачки стапки, согласно предметниот Протокол, постоењето на овој член не е потребно.

Со менување на членот 5 од законот се создава правна рамка Владата на Република Македонија да донесува подзаконски акти - уредби за усвојување на регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, а кои досега се донесуваа врз основа на членот 36 од Законот за Влада. Регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура се донесуваат повикувајќи се на Регулативата на Советот (ЕЕЦ) Бр.

2658/87, истите соодветно ќе се усвојуваат од Владата на Република Македонија врз основа на членот 5 од Законот за царинска тарифа. Со оглед на тоа што регулативите на Комисијата на Европските заедници се донесуваат континуирано повеќе пати во годината, утврдениот рок од 3 месеци за нивно усвојување и донесување сметаме дека е оптимален временски рок за да можат истите да се преведат, изготват и донесат како подзаконски акти.

Исто така со овој член од Законот се прецизира обврската на Владата за усогласување на Царинската тарифа со Комбинираната номенклатура на ЕУ, со донесување на одлука до крајот на декември во тековната година.

Со предложеното бришење на ставот 2 на член 7 од законот се предлага министерот за финансии повеќе да нема обврска да ја пропишува постапката за царинење на стока при сукцесивен увоз која е од техничка природа, и истата ќе ја уредува директорот на Царинската управа врз основа на одредбите на Законот за Царинската управа преку донесување на упатства, што е во согласност и со практиката на ЕУ.

ИЗЈАВА ЗА УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРОПИСОТ СО ЗАКОНОДАВСТВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА СО КОРЕСПОНДЕНТНА ТАБЕЛА

1. Правен пропис
1.1. *Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската тарифа* *Draft Law amending the Customs Tariff Law*
1.2. Предлагач *Министерство за финансии, Царинска управа на Република Македонија*
1.3. ЕПП број *ЕПП: 2010.0700.6094*
1.4. Број и назив на поглавјето од правото на ЕУ согласно Националната програма за усвојување на правото на ЕУ *3.29 Царинска унија*

2. Усогласеност на предлогот на прописот со одредбите на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји членки
2.1. Одредба од Спогодбата која се однесува на нормативната содржина на прописот *Глава IV, Сообразување на законодаството и спроведување на законите, член 68: Страните ја согледуваат важноста од приспособување на постоечките и идни закони на Република Македонија со оние на Заедницата. Република Македонија ќе настојува постапно да обезбеди компатибилност на своите закони со оние на Заедницата.*
2.2. Дали правниот пропис е во согласност со одредбите од Спогодбата ☒ Да ☐ Не
2.3. Причини за неисполнување, односно делумно исполнување на обврските кои произлегуваат од наведените одредби на Спогодбата

3. Усогласеност на предлогот на прописот со изворите на правото на Европската унија	
3.1.Одредби на примарните извори на правото на ЕУ Договор за функционирање на Европската унија, Дел III, Наслов II Слободно движење на стоки, Поглавје 1 Царинска унија, член 31	
3.2. Степен на усогласеност со секундарните извори од правото на ЕУ	
ЕУ пропис -CELEX бр. 31987R2658	☐ потполна усогласеност ☒ делумна усогласеност ☐ неусогласеност
3.3. Причини за делумна усогласеност или неусогласеност со секундарните извори на правото Законот е делумно усогласен. Одредбите (член 5, 8, 10 и завршните одредби) не се транспонирани бидејќи се обврска само за земјите-членки на ЕУ.	
3.4. Усогласеност со останати извори на правото на ЕУ	
3.5. Рок во кој е предвидено постигнување на потполна усогласеност на предлогот на прописот со правото на Европската унија *По пристапувањето на Република Македонија во ЕУ.*	
3.6. Кореспондентна табела (прилог) ДА	

4. Превод на изворите на правото на Европската унија и правниот пропис		
4.1. Дали горенаведените извори на правото на ЕУ се преведени на македонски јазик и ако се преведени, наведете го изворот на преводот.		
☐ ДА	Верзија МК	☒НЕ
Извор:		
4.2. Достапност на преводот на изворите на правото на ЕУ		
4.3. Дали предлог прописот е преведен на англиски јазик?		
☐ ДА	☒НЕ	
4.4. Достапност на преводот на предлог прописот		

5. Стручна помош и мислење (Европска комисија, КАРДС, ИПА, TAIEX, SIGMA, држава членка на ЕУ, Совет на Европа, домашни стручњаци и др.)	
5.1. Учество на техничка помош и консултанти во изработката на предлогот на прописот	
НЕ	
5.2. Дадено мислење за усогласеноста на прописот	

Раководител на надлежниот сектор	
Име презиме:	Сузана Стојмировска
Звање и работно место:	Раководител на Сектор за даночна и царинска политика
Потпис:	
Датум:	
Раководно лице/функционер во органот изработувач на правниот пропис	
Име презиме:	Ванчо Каргов, директор на ЦУРМ
Потпис:	
Датум:	
Раководно лице/функционер во органот предлагач на правниот пропис	
Име и презиме:	м-р Зоран Стојковски, министер
Потпис:	
Датум:	

Формулар МК – ЕУ

Назив на националниот правен пропис: *Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската тарифа*
ЕПП број: *2010.0700.6094*

	CELEX бр. на прописот на ЕУ	Назив на прописите на ЕУ кои се транспонирани во националниот правен пропис
1	31987R2658	Регулатива на Советот (ЕЕЦ) Бр. 2658/87 за тарифна и статистичка номенклатура и Општа Царинска тарифа

Одредба на националниот пропис во кој се врши транспонирањето	CELEX бр. на прописот на ЕУ кој се транспонира	Одредба на прописот на ЕУ која се транспонира	Оценка за степенот на усогласеност	Забелешка	Надлежен орган/институција
Член 2, став 3	31987R2658	*Член 1, точка 3, алинеја 3*	*Потполна усогласеност*		*ЦУРМ*
Член 3-а, став 1	31987R2658	*Анекс 1, Дел еден ОДДЕЛ II, Д, точка 1*	*Делумна усогласеност*	*Не е усогласена висината на единствената царинска стапка,*	*ЦУРМ*
Член 5	31987R2658	*Член 6*	*Делумна усогласеност*	*Ставовите од членот кои не се релевантни за РМ не се транспонирани*	*ЦУРМ*

Формулар ЕУ-МК

CELEX Број на прописот на ЕУ:31987R2658
Наслов и број на Службен весник на Европската унија: *Регулативата на Советот (ЕЕЦ) Бр. 2658/87 за тарифна и статистичка номенклатура и Општа Царинска тарифа, Службен весник на ЕУ Л 256/1987, Л 347/1989, Л 374/1989, Л 302/1992, Л 180/1993 и Л 28/2000*
Наслов на прописот на ЕУ на англиски јазик:
Council Regulation (EEC) No 2658/87 on the tariff and statistical nomenclature and on the Common Customs Tariff
Измени на прописот на ЕУ:
CELEX 31989R3528,31989R3845, 31992R2913, 31993R1969, 32000R0254
Council Regulation (EEC) on the tariff and statistical nomenclature and on the Common Customs Tariff

	Назив на националните правни прописи во кои се транспонира прописот на ЕУ (кратенка)	ЕПП бр. на националните правни прописи	Дали е нацрт-пропис или донесен пропис (доколку е донесен пропис се пополнува последната колона)	Број на Службен весник на Република Македонија (бр./година со 4 цифри)	Забелешка
1	Предлог Закон за изменување и дополнување ЗЦТ	*2010.0700.6094*	Нацрт		
2.	Закон за царинска тарифа			23/2003, 69/2004, 10/2008, 160/2008, 35/2010 и 11/2012	

Датум на изработка _____2012_
Верзија _____2__

Одговорно лице:

1 Број на член	2 Член	3 Наслов на националниот правен пропис (кратенка на националниот правен пропис)	4 Број на член на националниот правен пропис	5 Член на националниот правен пропис	6 Дали е целосно усогласен (потполно, делумно, не се транспонира, не е релевантно за РМ, дискрецио на одредба)	7 Ако не е целосно усогласен, како ќе се изврши транспонирањето	8 Планиран рок за целосно усогласување	9 Забелешка
Член 1	1. Номенклатурата на стоки наречена „Комбинирана номенклатура", или скратено „КН", која истовремено ги исполнува барањата на Општата царинска тарифа, надворешната трговска статистиката и другите политики на Заедницата кои се однесуваат на извозот или увозот на стоки ќе биде издавана од Комисијата. 2.Комбинираната номенклатура ги обединува: (а) Номенклатурата на	ЗЦТ	*Член 2, став 3*	За стоките за кои Владата на Република Македонија пропишала автономни мерки за намалување или укинување на царинската давачка, истите се прикажуваат во Царинската тарифа со фуснота со која се повикува на донесената одлука за автономни мерки.	*Делумна усогласеност*	Точка 1 не се транспонира Точка 2 е усогласена со чл.1 од ЗЦТ(Сл.весник 23/03 и 35/2010) Точка 3, став 1 и 2 не се транспонираат, а став 3 се транспонира со предлог Законот за изменување и дополнување на ЗЦТ.	*По пристапувањето на Република Македонија во ЕУ*	

	Хармонизираниот систем; (б) Подброевите на номенклатурата на Заедницвата, наведени како „КН подброеви" за кои се специфицирани соодветни стапки на царина; (в) воведни одредби, дополнителни забелешки кон оддели или глави и фусноти кои се однесуваат на КН подброевите, (3) Комбинираната номенклатура се репродуцира во АнексI. Царинските стапки на Општата царинска тарифа и, каде што е применливо, дополнителните статистички единици како и други потребни информации се наведени во предметниот Анекс. Анексот е составен од конвенционални царински стапки. Меѓутоа, секогаш кога							

	има автономни царински стапки пониски од конвенционалните царински стапки или кога конвенционалните царински стапки не се применуваат, автономните стапки се исто така прикажани во Анекс 1.							
Член 2	Интегрираната тарифа на Европските заедници, во понатамошниот текст „ТАРИК“, која што ги задоволува потребите на Заедничката царинска тарифа, статистиката на надворешната трговија, трговските, земјоделските или други политики на Заедницата во однос на увоз или извоз на стоки, треба да биде воспоставена од страна на Комисијата. Тарифата се базира на Комбинираната номенклатура и вклучува:	ЗЦТ	*Член 1-б*		*Делумна усогласеност*	Транспониран со Закон за изменување и дополнување на ЗЦТ (Сл.весник 32/10)	*По пристапувањето на Република Македонија во ЕУ*	

	(а) мерките содржани во оваа Регулатива; (б) дополнително расчленување на номенклатурата на Заедницата, наведено како ТАРИК расчленување, кое е потребно за примена на специфичните мерки на Заедницата, наведени во Анексот II. (в)било кои други информации потребни за применување или менацирање на Тарик ознаките и дополнителните ознаки како што се дефинирани во членот 3(2) и (3); (г) царинските стапки и други извозни и увозни давачки вклучувајќи ги и исклучоците и преференцијалните тарифни стапки кои се применуваат на специфична стока при извоз или увоз. (д)мерките прикажани во Анекс II применливи при							

	извоз и увоз на специфична стока..							
Член 3	1. Секој подброј на КН треба да се состои од нумерички код од осум цифри: (а) првите шест цифри претставуваат нумерички кодови во врска со броевите и подброевите на номенклатурата на хармонизираниот систем; (б) седмата и осмата цифра треба да ги идентификуваат подброевите на КН. Кога тарифниот број или подброј на хармонизираниот систем не содржи дополнителни потподелби за целите на Заедницата, седмата и осмата цифра треба да се означат како „00". 2. Тарик кодовите се идентификуваат со 9-тата и 10 тата цифра, кои заедно со цифрите наведени во став 1, го формираат Тарик кодот. Кога	ЗЦТ	*Член 1-а, став 2*		*Делумна усогласеност*	Транспониран со Закон за изменување и дополнување на ЗЦТ (Сл.весник 32/10)	*По пристапувањето на Република Македонија во ЕУ*	

	нема расчленување од Заедницата , деветатта и десетата цифра се „00“. 3. Исклучок, дополнителните Тарик кодови со четири карактери можат да бидат употребени за специфични мерки на Заедницата кои не се кодирани, на 9-тото и 10-тото цифрено ниво.							
Член 5	Тарикот се употребува од Комисијата и земјите членки на Заедницата за примена на мерките на Заедницата кои се однесуваат на извоз од и увоз во Заедницата. 2. Тарик кодовите и Тарик дополнителните кодови се применуваат на увоз и каде што се применливи, на извоз на стоки опфатени со соодветните подброеви. 3.Земјите членки					Овој член не се транспонира.	*По пристапувањето на Република Македонија во ЕУ*	Се применува само во земјите членки

	можат да додаваат расчленувања или дополнителни кодови за национални цели. Идентификувањето на кодовите ќе биде означено на оние расчленувања и дополнителни кодови во согласност со Регулативата (ЕЕЦ) бр. 2454/93.							
Член 6	Тарик ќе се воспостави, ажурира, управува и дистрибуира од страна на Комисијата, која, каде што е тоа можно, ќе користи компјутеризирани средства. Комисијата, особено, ќе ги превземе потребните чекори за: (а) да ги интегрира сите мерки содржани во оваа регулатива или прикажани во Анекс II кон неа во Тарик; (б) да ги пропише Тарик ознаките и Тарик дополнителни ознаки (в) го ажурира Тарик веднаш;	ЗЦТ	*Член 5*	За усогласување и менување на Царинската тарифа согласно измените на Комбинираната номенклатура донесени од страна на Европската Комисија, а кои се однесуваат на системот на имиња на стоката, системот на нумеричко означување, единичните мерки, како и забелешките кон соодветните оддели и глави, одлучува Владата на Република Македонија. Владата на Република Македонија ја објавува Одлуката за усогласување и менување на царинската тарифа во	*Делумна усогласеност*		*По пристапувањето на Република Македонија во ЕУ*	Не се транспонираат одредбите кои се применуваат само во земјите членки

	(г) да ги дистрибуира промени на Тарик во електронски формат веднаш.			„Службен весник на Република Македонија" најдоцна до крајот на декември во тековната година, а се применува од 1-ви јануари следната година. Распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската Комисија го пропишува Владата на Република Македонија. Прописите од став 3 на овој член Владата на Република Македонија ги донесува во рок од три месеци од денот на објавувањето на регулативите на Европската Комисија во Службен весник на Европската унија. Царинската Управа ќе врши : - интегрирање на сите тарифни и нетарифни мерки, - определување на дополнителните ознаки на интегрираната царинска тарифа, -ажурирање на				

				интегрираната царинска тарифа, веднаш и објавување на интегрираната царинска тарифа во електронска форма со користење на компјутеризиран систем, кога тоа е возможно.				
Член 8	Комитетот согласно членот 247 од Царинскиот закон на Заедницата може да испитува било какви прашања доставени до нив од нивниот председавач, или на нивна иницијатива или по барање од претставник на земја членка: (а) кои се однесуваат на комбинираната номенклатура; (б) кои се однесуваат на Тарик номенклатура и било која номенклатура која е целосно или делумно заснована на комбинираната номенклатура или која додава некое расчленување на					Овој член не се транспонира.	*По пристапувањето на Република Македонија во ЕУ*	Се применува само во земјите членки

	истата, и која е издадена со специфични одредби на Заедницата во поглед на примена на тарифата или други мерки кои се однесуваат на трговијата со стоки.							
Член 9	Мерките кои се однесуваат на прашања наведени подолу се донесуваат согласно со процедурата дефинирана во член 10: (а) примена на Комбинирана номенклатура и Тарик, кои се однесува особено на: - распоредување на стоки во номенклатурата наведени во членот 8; -Коментарски забелешки; - креирање, ако е потребно, и за целите кои одговараат на потребите на Заедницата, за статистички подброеви во Тарик, кога тоа е повеќе					Овој член не се транспонира.	*По пристапувањето на Република Македонија во ЕУ*	Се применува само во земјите членки

	соодветsно од расчленување во КН; (б) измени кон комбинираната номенклатура врз основа на барањата кои се однесуваат на статистичката или на комерцијалната политика; (в) измени кон Анекс II; (г) измени на комбинираната номенклатура и усогласување на давачките со одлуките донесени од Советот или од комисијата; (д) измени на комбинираната номенклатура со цел да ја прилагодат на технолошкиот развој или комерцијалниот развој или со цел појаснување на текстот; (ѓ)измени на комбинираната номенклатура како резултат на измените на номенклатурата на хармонизираниот систем;							

	(е) прашања кои се однесуваат на примена, функционирање и управување со хармонизираниот систем кои се дискутираат во Советот за царинска соработка, како и нивна примена од Заедницата. 2.Одредбите донесени во став 1 нема да ги изменуваат: -царинските стапки; -земјоделски давачки, рефундации или други вредности кои се применуваат во рамките на општата земјоделска политика или во оние специфични шеми кои се применуваат за одредени стоки кои се однесуваат на преработка на земјоделски производи; -квантитативни ограничувања наведени во одредбите на Заедницата;							

	-номенклатури донесени во рамките на општата земјоделска политика. 3. Ако е потребно измените ќе бидат веднаш вградени во Тарик расчлен иувањето. Тие единствено ќе бидат интегрирани во КН номенклатурата под услови наведени во членот 12.							
Член 10	1.Комитетот на Царинскиот суд ќе помага на Комисијата согласно членот 247 од Регулативата (ЕЕЦ) бр. 2913/92. 2.Таму каде што се наведува овој член, се применуваат членовите 4 и 7 од Одлуката 1999/468/ЕЦ. Периодот поставен во членот 4(3) од Одлуката 1999/468/ЕЦ ќе биде утврден во рок од три месеци.					Овој член не се транспонира.	*По пристапувањето на Република Македонија во ЕУ*	Се применува само во земјите членки
Член 12	1.Комисијата секоја година донесува					Овој член не се транспонира.	*По пристапувањ*	Се применува

	регулатива за репродукција на целосна верзија на Комбинираната номенклатура, заедно со царинските стапки во согласност со членот 1, како резултат од мсрките донесени од Советот или Комисијата. Наведените регулативи се објавуваат не подоцна од 31 октомври во Службен весник на Европската унија и ќе се применува од 1 јануараи следната година. 2.Мерките и информациите кои се однесуваат на Општата царинска тарифа или Тарик, секогаш кога е возможно , ќе бидат десиминирани во електронска форма со користење на компјутеризирани сретства. 3. Со цел да се обезбеди еднообразна примена на Општата царинска тарифа и Тарик,						*ето на Република Македонија во ЕУ*	само во земјите членки

	Комисијата ќе ја унапредува и хармонизира на практиката во земјата членка, царинските лаборатории, користејќи секаде каде што е можно компјутерски средства.							
Член 14	Кога се доделува тарифен преференцијален третман врз основа на правилата за потекло изведени од номенклатурата на Советот за царинска соработка кои се на сила од 31 декември 1987, овие правила остануваат да се применуваат во согласност со актите на Заедницата кои се на сила на тој ден.					Овој член не се транспонира.	*По пристапувањето на Република Македонија во ЕУ*	Се применува само во земјите членки
Член 15	1.Кодовите и наименованиата на стоките согласно комбинираната номенклатура ќе ги заменат со оние издадени врз основа на Општата царинска тарифа и Nimex, без					Овој член не се транспонира.	*По пристапувањето на Република Македонија во ЕУ*	Се применува само во земјите членки

	преудицирање на меѓународните договори склучени со Заедницата пред влегување во сила на оваа Регулатива, и актите преземени за нивна имплементација, кои се однесуваат на споменатите номенклатури. Актите од Заедницата кои ја вклучуваат тарифата или статистичката номенклатура ќе се изменат соодветно од Комисијата. 2. Упатувањето на Nimex во различни акти на Заедницата кои се на сила ќе се сметаат дека се однесуваат на комбинираната номенклатура.							
Член 16	Регулативата (ЕЕЦ) бр. 950/68 и (ЕЕ Ц) бр.97/69 со ова се укинуваат.					Овој член не се транспонира.	*По пристапувањето на Република Македонија во ЕУ*	Се применува само во земјите членки
Член 17	Оваа Регулатива					Овој член не се	*По*	Се

	стапува на сила третиот ден од објавувањето во Службен весник на Европската Заедница. Членовите 1 до 5 и 12 до 16 не се применуваат до 1 јануари 1988. Оваа Регулатива ќе биде обврзувачка за примена во целост и директно во сите земји членки.					транспонира.	*пристапувањето на Република Македонија во ЕУ*	применува само во земјите членки
Анекс 1, Дел еден ОДДЕЛ II, Д, точка 1	1.Царинската давачка ќе биде наплаќана како рамна стапка од 2,5% ad valorem на стоки : - во пратка испратена од едно приватно лице на друго, или - во личен багаж, под услов таквиот увоз да не е од комерцијална природа.. Рамната стапка 2,5% царинска давачка ќе се употребува под услов вредноста на предметната стока да не надминува 700 евра по пратка или патник.	ЗЦТ	*Член 3-а, став 1*	По исклучок на член 3 од овој Закон царинска давачка со единствена царинска стапка од 15% од царинската вредност на стоката: (1) која е во пратка испратена од едно на друго физичко лице, или (2) која е во личниот багаж на патникот, се применува под услов стоката да не е од комерцијална природа и вредноста на таа стока да не надминува 800 евра во денарска противвредност.“	*Делумна усогласеност*		*По пристапувањето на Република Македонија во ЕУ*	*Не е усогласена висината на единствената царинска стапка.*